Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр.58/00 и 44/02) член 30 од Законот за основно образование Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година, министерот за образование и наука донесе наставна програма по предметот Македонски јазик за учениците од другите заедници кои наставата ја следат на албански и турски јазик за VIII одделение на деветгодишното основно училиште.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ДРУГИТЕ ЗАЕДНИЦИ

**кои наставата ја следат на албански и турски јазик**

**за VIII одделение**

**Скопје, 2019 година**

| | |
|---|---|
| **Назив на наставната програма** | Македонски јазик за учениците од другите заедници кои наставата ја следат на албански и турски јазик |
| **Тип на наставна програма** | Задолжителна |
| **Одделение** | VIII |
| **Број на часови неделно/годишно за реализација на наставната програма** | 2/72 |
| **Цели на наставна програма** | Учениците:<br>- да се стекнат со нов фонд лексички единици/зборови за активно служење со јазикот во секојдневна усна и писмена комуникација;<br>-да се развиваат способностите за слушање и за разбирање јазични искази (за секојдневните обврски и хобито, за натпреварите и за екскурзиите во училиштето, за семејните патувања и излети, за одењето на лекар и посетата на амбулантите, за музиката, филмот и други интереси карактеристични за нивниот развоен период);<br>-да се развиваат способностите за усно изразување, со јазични искази во согласност со избраните лексички единици на различни теми и со примена на јазичните функции и граматичките структури;<br>-да се оспособат да читаат текстови со различни содржини и да одговараат на прашања за текстот;<br>-да се оспособат да пишуваат куси текстови на различни теми почитувајќи ги правописните правила;<br>-да се воведат во некои елементи од културата и традицијата на македоснкиот народ, во согласност со нивната возраст . |
| **Компоненти на наставната програма** | Граматички содржини<br>Тематско - комуникациски целини и единици<br>Слушање<br>Зборување<br>Читање со разбирање и пишување |
| **Материјално-технички и просторни услови** | За постигнување на целите по предметот македонски јазик и литература потребно е да се обезбедат наставни средства, во кабинет или училница, бибиотечен книжен фонд, пристап до интернет, компјутерска опрема, ЛЦД проектор. За успешна и целосна реализација на наставната програма потребно е да се организираат и активности кои го менуваат местото на реализацијата на часот/часовите (институции на културата и научни институции) каде учениците ќе посетуваат настани, манифестации и фестивали: книжевни, театарски и филмски. |

| | |
|---|---|
| **Норматив на наставен кадар** | Наставната програма ја реализираат лица со завршени студиски групи:<br>- Македонски јазик и јужнословенски јазици со македонска книжевност и јужнословенски книжевности како втор главен предмет, наставна насока VII/1, т.е. VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- Македонски јазик и книжевност, наставна насока VII/1, т.е. VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- Македонска книжевност и јужнословенски книжевности, наставна насока VII/1, т.е. VIA според МРК и 240 ЕКТС; (поранешна група Историја на книжевностите на СФРЈ)<br>- Македонска книжевност и јужнословенски книжевности со македонски јазик како втор главен предмет, наставна насока VII/1, т.е. VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- Општа и компаративна книжевност, наставна насока VII/1, т.е. VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- Македонски јазик и јужнословенски јазици, друга насока (VII/1 степен т.е. VIA според МРК и 240 ЕКТС), со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа;<br>- Македонски јазик и јужнословенски јазици со македонска книжевност, друга насока (VII/1 степен т.е. VIA според МРК и 240 ЕКТС), со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа;<br>- Македонска книжевност и јужнословенски книжевности, друга насока (VII/1 степен т.е. VIA според МРК и 240 ЕКТС), со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа;<br>- Македонска книжевност и јужнословенски книжевности, со македонски јазик друга насока (VII/1 степен т.е. VIA според МРК и 240 ЕКТС), со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа. |

| | |
|---|---|
| **ГРАМАТИЧКИ СОДРЖИНИ** | **Фонетика**<br>Поделба на согласките по звучност<br>Акцентот на туѓите зборови во македонскиот стандарден јазик<br>**Морфологија**<br>Именки со суфикси за изразување чувствен однос – деминутиви и аугементативи<br>Придавки<br>Граматичка категорија степенување кај придавките<br>Глаголи<br>Нелични глаголски форми: глаголска л - форма, глаголска именка, глаголски прилог, глаголска придавка,<br>Минато неопределено свршено и несвршено време |

| | |
|---|---|
| | **Синтакса**<br>Сложена реченица<br>Независносложени реченици (составни независносложени реченици, спротивни независносложени реченици и разделни независносложени реченици)<br><br>**Правопис**<br>Фонетски промени кај согласките - едначење по звучност<br>Употреба на запирката во независносложените реченици<br>Скратеници (пример СОУ, ООУ, ЕУ...) и скратувања (ж.р. м.р, с.р. , ед. мн. , с., бр. ул. , гр. , г. г-ца, г-ѓа)<br><br>Текстови со практична примена: пишување молба; приговор, пополнување формулари |
| **ТЕМАТСКО КОМУНИКАЦИСКИ ЦЕЛИНИ** | **Јас и другите** –вообичаени, секојдневни активности и хоби;<br><br>**Моето семејство**-семеен излет, прослави, родендени, празници, Нова година, подароци, гости;<br><br>**Училиштен живот**- распуст, екскурзии, средби на ученици, натпревари, училишни тимови, допишувања, бибиотека;<br><br>**Град/село** –земјоделски работи, поле, шума, природа;<br><br>**Моето здравје-**амбуланта, поликлиника, болница, аптека, доктор, специјалист, лек;<br><br>**Култура и историја-**историски настани, обичаи за некои празници;<br><br>**Занимливости и интереси:** музика, театар, филм, актери и музички изведувачи, оро и современ танц. |

| **1.** | **Слушање** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Резултати од учење**<br><br>**Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:** | **Содржини и поими**<br><br>**Јас и другите** –вообичаени, секојдневни активности и хоби; | **Активности и методи**<br><br>Наставникот користи аудио снимки, видео записи, илустрации и друг вид електронски и печатен материјал за мотивација, за препознавање и за | **Стандарди за оценување на постигањата**<br><br>**Ученикот/ученичката може да:** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | -го разбира и објаснува значењето на новите зборови и зборовни изрази од тематските целини во искази, дијалози и текстови што ги слуша;<br>-ја определува намената на текстот кој го слуша;<br><br>-ја воочува гласовната промена едначење по звучност;<br><br>- разликува правилно акцентирани зборови од туѓо потекло во македонскиот јазик; | **Моето семејство**-семеен излет, прослави, родендени, празници, Нова година, подароци, гости;<br><br>**Училиштен живот-** распуст**,** екскурзии, средби на ученици, натпревари, училишни тимови, допишувања, бибиотека;<br><br>**Град/село –**земјоделски работи, поле, шума, природа;<br><br>**Култура и историја-**историски настани и државни празници, обичаи за некои празници.<br><br>**Моето здравје-**амбуланта, поликлиника, болница, аптека, доктор, специјалист, лек;<br><br>**Занимливости и интереси:** музика, театар, филм, актери и музички изведувачи, оро и современ танц.<br><br>Фонетика<br>Поделба на согласките по звучност<br>Гласовна промена – едначење по звучност<br><br>Акцент<br>Акцентот на туѓите зборови во македонскиот стандарден јазик | побрзо разбирање на новите зборови и граматички структури.<br>При изборот на материјалот се внимава на јазичната коректност односно во материјалите што се користат да се употребува стандардниот македонски јазик.<br><br>Вежби за разликување и правилен изговор на согласките (звучни и безвучни). Наставникот посочува примери во кои учениците слушаат и воочуваат согласки различни по звучност во непосреден допир. Се дискутира за гласовната промена едначење по звучност.<br><br>Вежби преку игра која се вика телефонска говорница, се вежба говорење и слушање односно учениците кои се наоѓаат на | -го разбира значењето на нови зборови, фрази и изрази во искази/реченици;<br>-репродуцира и продуцира примери со новиот лексички фонд;<br>-толкува нови зборови, фрази и изрази;<br>-конструира примери лексички и граматички коректни;<br><br>-разликува звучна од безвучна согласка; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | -ги препознава, разликува и користи аугментативни и деминутивни форми од именките;<br><br>-користи степенувани придавки во говорена и пишана форма;<br><br>-разликува нелични глаголски форми во слушнат или прочитан текст;<br><br>-препознава и разликува атрибут во даден исказ;<br><br>-препознава и разликува независносложени реченици; | Морфологија<br>Именки со суфикси за изразување чувствен однос – деминутиви и аугментативи<br><br>Придавки<br>Граматичка категорија степенување кај придавките<br><br>Глаголи<br>Нелични глаголски форми: глаголска л-форма, глаголска именка, глаголски прилог, глаголска придавка<br><br>Синтакса<br>Атрибут<br>Видови независносложени реченици (составни, спротивни, разделни) | различен дел од училницата без да се гледаат се обидуваат да се разберат вербално слушајќи го внимателно соговорникот.<br><br>Вежби преку играта расипан телефон – слушање и правилно разбирање на значењето на зборовите.<br><br>Вежби за правилно акцентирање на туѓи зборови преку говорот на наставникот и читање на текстови од сајтови за музика, филм, интернет игри, како и примери од текстови во списанија за тинејџери.<br><br>Вежби за препознавање на именки кои изразуваат чувствен однос наспрема именки во нивната основна форма.<br><br>Квиз - учениците се поделени во групи.  Секоја група користи карти на кои се напишани различни нелични глаголски форми. Учениците формираат реченици со посочената нелична глаголска форма. Победуваат оние кои имаат најголем број точно формирани реченици со употреба на нелични глаголски форми.<br><br>Вежби за степенување на придавките преку споредување на предмети и лица (може да се користи и реалија за реализација на споредба). | - да го препознава и да го разликува акцентот на туѓите зборови во македонскиот јазик;<br>-посочува и дава примери за реченици со туѓи зборови кои ги акцентира;<br><br>-означува и разликува аугментативи и деминутиви;<br><br>-разликува компаратив и суперлатив кај придавките;<br><br>-означува нелични глаголски форми;<br>-споредува нелични глаголски форми; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | -препознава и разбира текстови со различна содржина и различни функционални стилови. | **Текстови од македонски автори во согласност со возраста на учениците и предвидените тематско – комуникациски целини и единици** | Вежби за слушање примери преку кои се осознава употребата на неличните глаголски форми;<br><br>Вежби за слушање на искази со и без атрибут во реченица.<br><br>Вежби за слушање на прости и на сложени реченици, како и независносложени реченици (составни, спротивни и разделни).<br><br>Забелешка: Во делот **Слушање** се користат текстови кои имаат содржини поврзани со современото живеење на учениците и текстови кои имаат функционалност и дополнување на предвидениот вокабулар. Текстовите се во целост или извадоци од реномирани македонски автори, соодветни на возраста на учениците.<br>За секој текст што се слуша на часот освен толкувањето на на новите зборови во текстот, потребно е наставникот да има подготвена листа на прашања и вежби за слушање со разбирање.<br><br>**Методи:** метод на комуникација (монолошки, дијалошки и | -го толкува значењето на неличните глаголски форми во реченица.<br><br>-разликува атрибут во исказ;<br><br>-разликува и споредува видови независнослосложени реченици;<br>-препознава сврзници карактристични за независносложени реченици;<br>-конструира примери од независносложени: составни, спротивни, разделни.<br><br>- активно слуша и вербално реагира на слушнатите искази;<br>-ги толкува слушнатите лексички единици/зборови на зададените теми;<br>-ги споредува слушнатите лексички единици/зборови во |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | разговорен – устен); метод на демонстративност; текст-метод. | функција на нивна примена. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2.** | **Зборување** | | | |
| | **Резултати од учење**<br><br>**Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:**<br><br>-ги репродуцира, продуцира и правилно ги употребува во говорни и пишани комуникациски ситуации зборовите поврзани со избраните комуникациски теми;<br><br>-правилно да ги употребува во куси дијалози и разговори зборовите и фразите од соодветната тематско-комуникациска целина; | **Содржини и поими**<br><br>**Јас и другите –**вообичаени, секојдневни активности и хоби;<br><br>**Моето семејство-**семеен излет, прослави, родендени, празници, Нова година, подароци, гости;<br><br>**Училиштен живот-**распуст, екскурзии, средби на ученици, натпревари, училишни тимови, допишувања, бибиотека;<br><br>**Град/село –**земјоделски работи, поле, шума, природа, плоштад, булевар и др.;<br><br>**Култура и историја-**историски настани, обичаи за некои празници.<br><br>**Моето здравје-**амбуланта, поликлиника, болница, аптека, доктор, специјалист, лек;<br><br>**Занимливости и интереси:** музика, театар, филм, актери и музички изведувачи, оро и современ танц | **Активности и методи**<br>Дијалози на тема:<br>*Организирање на роденденска забава;*<br>*Моето хоби;*<br>*Свирам на...*<br>*Во слободно време одам на...*<br>*Музика и музички изведувачи*<br>*Играње видео игри*<br>*Временска прогноза*<br>Играње улоги-возрасни и деца-работно време.<br>Симулација-*Во амбуланта*<br>Изработка на презентации за промоција на туризмот, играње улоги со нив - туристи и туристички водачи.<br>Говорни вежби за повторување зборови, куси искази и реченици.<br>Вежби со пополнување празни места во реченица.<br>Вежби за водење кус разговор, дијалог, игри, говорни симулации според темите, со нагласување на специфичната лексика од сите зборовни групи и изучени граматички форми. | **Стандарди за оценување на постигањата**<br><br>**Ученикот/ученичката може да:**<br><br>-правилно изговара нови зборови и ги употребува во соодветни јазични контексти;<br>- се поттикнува или се вклучува во дијалог или во разговор поврзан со секоја од тематско-комуникациските целини; |

| 2. | **Зборување** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | -да ги почитува правилата за гласовната појава едначење на согласките по звучност;<br><br>-да го препознава акцентот кај зборовите од туѓо потекло и правилно да ги акцентира зборовите од туѓо потекло;<br><br>- ја воочува употребата на именките со аугментативно и деминутивно значење во говорот;<br><br>- разликува и користи различни видови состави од именки и придавки во степенувана форма | Фонетика<br>Поделба на согласките по звучност<br><br>Акцентот на туѓите зборови во македонскиот стандарден јазик<br><br>Морфологија<br>Именки со суфикси за изразување чувствен однос – деминутиви и аугментативи<br><br>Придавки<br>Граматичка категорија степенување кај придавките<br><br>Глаголи<br>Нелични глаголски форми: глаголска л - форма, глаголска именка, глаголски прилог, глаголска придавка | Вежби во правилен изговор на зборови во кои има согласки различни по звучност, а во непосреден допир.<br><br>Вежби за правилно акцентирање на туѓите зборови од македонскиот јазик со текстови кои се преземени од медиуми но соодветни по содржина на возраста на учениците;<br><br>Вежби за правилна употреба на деминутиви и аугментативи во зборувањето.<br><br>Користење реални ситуации за споредување придавки.<br>Вежби за споредување предмети и лица со користење на степенувани придавки.<br><br>Вежби за разговор на одредени теми, дијалози и самостојно изработени примери за дијалози во кои се увежбува користењето на минато неопределено свршено и несвршено време.<br>Трансформација на глаголи од едно во друго време, од сегашно во минато неопределено (свршено и несвршено), но и во минато | -ја препознава и објаснува гласовната промена едначење по звучност;<br>-правилно користи зборови во кои е употребена гласовната промена едначење по звучност;<br><br>-правилно да ги изговара и акцентира зборовите од туѓо потекло во македонскиот стандарден јазик;<br><br>-наведува примери за различни видови именки со аугментативно и деминутивно значење<br>-посочува примери од секојдневната комуникација за именки со аугментативно и деминутивно значење |

| 2. | **Зборување** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - ги разбира исказите во кои се употребени нелични глаголски форми и ги употребува во свои искази;<br><br>-кусо раскажува изминати настани со примена на минато неопределено време;<br><br>-употребува независносложени реченици за изразување дејства и настани во реалниот живот; | Минато неопределено свршено и несвршено време<br><br>Синтакса<br>Сложена реченица<br>Независносложени реченици (составни независносложени реченици, спротивни независносложени реченици и разделни независносложени реченици)<br><br>**Текстови од македонски автори соодветни на возраста на учениците и на предвидените тематско–комуникациски целини и единици** | определено време (свршено и несвршено).<br>Вежби за менување на глаголи по време, лице и број во минато неопределено свршено и несвршено време.<br>Вежби за воочување на глаголи во даден текст и определување на глаголското време во кое е изразено дејството.<br><br>Ученикот рецитира и игра јазични игри; учествува во дијалози и кратки драматизации; љубезно ги формулира своите барања; опишува, споредува; селектира зборови во зависност со кого комуницира.<br><br>Вежби преку игра скриено богатство-учениците носат свои омилени предмети, книги и слично и ги опишуваат споредувајќи.<br><br>Вежби за нелични глаголски форми преку игра која се нарекува *Зборовен шешир.* Влечат ливчиња со зборови на кои е испишана и бројка за број на зборови кои треба да се искористат за да направат реченица. Ги коментираат значењата на извлечените зборови и ги ставаат во реченица. | -разликува придавки употребени во степенувана форма<br>- составува примери со придавки во степенувана форма<br><br>-разликува различни видови нелични глаголски форми<br>-конструира примери користејќи ги неличните глаголски форми: глаголска ле форма, глаголска именка, глаголски прилог, глаголски придавка<br><br>- определува сложена реченица |

| 2. | **Зборување** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - ја разбере и кусо да ја коментира содржината на слушнат или прочитан текст;<br><br>- да препознае дали во текстот се зборува за лице, предмет, место, настан итн.<br><br>- да разликува дали во текстот се зборува за настан од сегашноста или од минатото. | | (Активноста се планира за работа во групи)<br><br>Вежби за препознавање и правилно градење на независносложени реченици.<br>Вежби за видови независносложени реченици. Се користи одредена тема која во моментот е актуелна во училиштето или е воопшто актуелна и се мотивира создавање примери кои учениците ќе ги обликуваат во независносложени реченици. (На еден час се работи по еден вид независносложена реченица со примери кои имаат комуникациска примена)<br><br>Вежби за раскажување во прво и во трето лице.<br><br>Вежби во прераскажување слушнат текст или гледан филм.<br><br>**Методи**: аудио-визуелен метод, интерактивен метод/метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; метод на споредување; метод на анализа и синтеза. | - споредува искази искажани со проста и сложена реченица<br>- посочува примери за независно сложена реченица;<br>- правилно да ги употребува независносложените реченици за изразување глаголски дејства;<br><br>-раскаже и опише одреден предмет, лик, настан;<br>-прераскаже за слушнат настан користејќи го минато неопределено свршено и несвршено време;<br>- интерпретира содржина на слушнат или на прочитан текст. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2.** | **Зборување** | | | |
| 3. | **Читање со разбирање** | | | |
| | **Резултати од учење**<br><br>**Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br><br>- чита со разбирање текстови со содржина поврзана со тематско-комуникациските целини и препознава одредени информации;<br><br>-чита мапи, брошури и мени во различни комуникациски ситуации; | **Содржини и поими**<br><br>**Јас и другите –**вообичаени, секојдневни активности и хоби;<br><br>**Моето семејство-**семеен излет, прослави, родендени, празници, Нова година, подароци, гости;<br><br>**Училиштен живот-** екскурзии, средби на ученици, натпревари, училишни тимови, допишувања, бибиотека;<br><br>**Град/село –**земјоделски работи, поле, шума, природа;<br><br>**Култура и историја-**историски настани, обичаи за некои празници.<br><br>**Моето здравје-**амбуланта, поликлиника, болница, аптека, доктор, специјалист, лек;<br><br>**Занимливости и интереси:** музика, театар, филм, актери и музички изведувачи, оро и современ танц.<br><br>Текстови за читање со едноставна, јасна и интересна содржина, преземени од различни функционални стилови. | **Активности и методи**<br>Вежби со куси текстови дополнети со илустрации.<br>Насочувачки прашања за разбирање на содржината односно на новите зборови во текстот.<br>Вежби за читање и препознавање на видот на текстот и функционалниот стил на кој припаѓа.<br>Вежби за поврзување зборови, зборовни состави и реченици со содржината на делови од даден текст.<br>Вежби за изведување и формулирање клучна мисла на содржински делови од текст или на цел текст од страна на учениците.<br>Вежби за составување прашања за делови од текст или за цел текст од страна на учениците.<br>Вежби за подредување реченици во параграф/ или редење на параграфи во текст.<br>Вежби за читање различен вид текстови од различни функционални стилови и разговор за нив.<br><br>**Методи**: интерактивен метод/метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и | **Стандарди за оценување на постигањата**<br><br>**Ученикот/ученичката може да:**<br>-издвојува непознати зборови во текст;<br>-прашува за текстот и одговара на поставени прашања за текстот;<br>- пронаоѓа определена информација во мапа, брошура, мени;<br>-правилно чита и коментира за прочитаното, самостојно и според насочувачки прашања;<br>- чита гласно со правилен изговор на гласовите, правилно зборовно акцентирање и правилна реченична интонција. |

| 2. | **Зборување** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Текстови од македонски автори соодветни на возраста на учениците и на предвидените тематско – комуникациски целини и единици. | писмен); метод на демонстративност; метод на споредување; метод на анализа и синтеза, текст-метод. | |
| 4. | **Пишување** | | | |
| | **Резултати од учење**<br><br>**Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br><br>-пишува краток текст употребувајќи зборови и фрази граматички и семантички точни.<br><br>-изведува заклучоци од текстови и јасно ги (за)пишува | **Содржини и поими**<br><br>Пишување кратки текстови со сопствени дневни обрвски и задолженија<br><br>Пишување опис на природата, животински и растителен свет<br><br>Раскажување прочитан текст<br><br>Фонетски промени кај согласките - едначење по звучност<br>Употреба на запирката во независносложените реченици<br>Скратеници (пример СОУ, ООУ, ЕУ...) и скратувања (ж.р. м.р, с.р. , ед. мн. , с., бр. ул. , гр. , г. г-ца, г-ѓа)<br><br>Текстови со практична примена: пишување молба; приговор, пополнување формулари | **Активности и методи**<br><br>Вежби со пополнување табела со именки, се одредува една буква и потоа учениците пишуваат предмет, растение, животно, град, и имиња на одредената буква.<br>Вежби со активности за вежбање на неличните глаголски форми. Се пишува глаголот а потоа во различни колони сите негови нелични глаголски форми.<br><br>Вежби за пишување на описи на опкружувањето, домот, собата, училницата, природата.<br>Вежби за обраќање до училиште, општина, пополнување на формулар и слично.<br>Вежби за директен и индиректен говор.<br>Забелешка: Во рамките на увежбувањето на оваа вештина се потенцира значењето на | **Стандарди за оценување на постигањата**<br><br>**Ученикот/ученичката може да:**<br><br>-напише краток текст според поставени насоки или прашања;<br>-продолжува започнат текст;<br>- раскажува точно употребувајќи ги глаголските форми за минато определено и минато неопределено време;<br>-опишува користејќи разни форми на писмено изразување;<br>-правилно ги применува правописните правила. |

| 2. | Зборување | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Две писмени работи | користењето на правописните правила.<br>**Методи**: метод на демонстративност, метод на споредување; текст метод. | |

| | |
|---|---|
| Оценување на постигањата на учениците | Вреднувањето на резултатите е задолжително и се одвива според законските норми. Напредувањето и оценувањето на учениците се следи постојано и се врши континуирано во текот на наставата. За напредувањето учениците се известуваат тековно со цел секогаш да бидат информирани за своите постигања и да ја имаат предвид реалната состојба. Истото претставува обид да се стимулираат за понатамошно продлабочување на знаењата. Согласно спецификите на програмата по предметот македонски јазик за заедниците, оценувањето може да се реализира преку усна и писмена форма при што комуникативната компонента ќе биде особено истакната. Формите за усна проверка на знаењата се состојат од одговори на прашања, поставување (ученички) прашања и водење кратки дијалози.<br>Пишуваниот инструмент ќе претпочита вежби во совладување на читањето со разбирање, толкување на прочитаното и усвојување на граматички структури.<br>Оценувањето се врши по определена тема, во текот на тромесечјето, полугодието и крајот на годината. |
| **Литература и други извори** | Учебник одобрен од министер за образование и наука (сликовница со прирачник за наставникот за реализација на програмските активности, дел за почетно читање и пишување на печатни и ракописни букви), интерактивнатабла, Интернет (образовнисофтвери, веб-страници), мобилниапликации. |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието (БРО) |
| **Потпис и датум на донесување на наставната програма** | **бр. 12-11216/6**<br>**28.10.2019 година**<br><br>**МИНИСТЕР,**<br>**Dr. ArbërAdemi** |
| **Датум на ревизија** | |